SEGA
Coalition of youth organizations
www.sega.org.mk

# Пролет 2010

Билтен Пролет 2010 на Коалиција на младински организации СЕГА

**Драги читатели,**

**Со голема радост Ви соопштуваме дека Коалиција СЕГА ќе издаде нов квартален билтен. Во првата едиција Пролет 2010, ќе најдете информации за нашите тековни проекти и активности, како и за нашите идни активности. Уживајте и доколку имате некои коментари или сугестии информирајте нé на sega@sega.org.mk!**

## Содржина


СЕГА во моментот

- Локални младински стратегии
- Презентација на Алтернативниот извештај за правата на децата во Женева
- Инвестирај во твоето образование
- Промовирање  на младински активизам во неразвиени региони
- Членство во ERYICA
- Француски ЕВС волонтер

СЕГА во иднина

- Отворање на Младински Информативен и Советодавен Центар во Прилеп
- Европски Младински Форум – „Денови за вмрежување во Македонија“


# Вести СЕГА

## Локална младинска стратегија

Коалиција СЕГА спроведе тренинг и продолжува да развива локални младински стратегии со **претставници на Локалните Самоуправи, членови на Советите на Општините и претставници на локалните младински организации**. Истражувањето и пишувањето на локалната младинска стратегија со учество на заедницата ќе им овозможи да ги **согледаат младите како ресурс** и да ги стави младите во најдобра можна позиција за успех: Прилеп, Битола, Кавадарци, Тетово, Илинден,Кисела Вода, Свети Николе, Радовиш и Штип.



## Презентација на Алтернативниот извештај за Конвенцијата за Правата на Детето во Женева




**Зоран Илиески**, Извршниот директор на Коалиција СЕГА, **презентираше** дел од **Алтернативниот извештај** за Конвенцијата за Правата на Детето во Женева во **Комитетот** за правата на детето во Женева, Швајцарија како дел од делегацијата на невладини организации. Подготовката и презентацијата на Алтернативниот извештај овозможува значителна споредба на официјалниот извештај на Владата **во порите за подобрување на животот на децата и младите во Македонија**.

## Инвестирај во твоето образование

Коалиција Сега ги здружи заедно **младите луѓе, локалните власти и бизнис секторот** за да им помогнат на младите луѓе  да направат интелигентни и релевантни одлуки за нивните идни кариери. Преку **јавни средби** со квалификувани претставници од бизнис секторот и локалните самоуправи, **младите луѓе учат каков избор на кариера е најсоодветен во однос на денешниот пазар на труд**. Со оглед на предизвиците со кои се соочуваат младите кои бараат работа во Македонија денес, навремените насоки за кариера можат да ја претстават разликата меѓу успешното вработување и залудното барање на работа. Исто така **на бизнис секторот во Македонија** му помага да се обезбеди со потребната квалификуваната работна сила компетентна во светот денес.




## Два нови прирачници за млади!

Како резултат на проектот “**Промовирање на Младински Активизам во Неразвиените Региони**”, два нови прирачници беа издадени. Прирачниците за “**Младинското Учество**” и “**Лобирање и Застапување**” беа дистрибуирани до учесниците во тренинзите кои беа дел од овој проект. Прирачниците ќе бидат од голема помош на младинските работници и организации во Македонија.




## Членство во ERYICA

Коалиција СЕГА има чест да објави дека е **членка соработник** на **Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување – (ERYICA)** ! На 30-31 Март Извршниот директор на ERYICA, Davide Capecci и претставникот на Управниот одбор на ERYICA, Sasha Dupor беа во посета на Прилеп, Македонија. Делегацијата од ERYICA и Коалиција СЕГА имаа средба со градоначалникот на Прилеп, г-н Марјан Ристески и разговараа за деталите околу отворањето на првиот Младински Информативен Центар во Македонија.

### ЕВС Волонтер од Франција

Коалиција СЕГА и посакува добредојде на **Astrid Courty** од **Нормандија, Франција**. Astrid е тука преку **Senois**, организација фокусирана на неформално образование. Astrid е волонтер преку програмата Европскиот Волонтерски Сервис (ЕВС), кој ќе работи директно со Младинскиот Информативен Центар во Прилеп. Таа го изучува Македонскиот јазик, Македонската култура и ги подучува луѓе во Македонија за Француската култура.

# Настани што следуваат

### Отворање на Младински Инфо Центар во Прилеп

**Првиот Младински Информативен Центар** во согласност со стандардите на ERYICA ќе биде отворен на крајот на месец Мај! Ова ќе им овозможи на младите од Прилеп место целосно посветено на нивните потреби и интереси. Мал чекор за младите во Прилеп и голем за младите во Македонија!

### Денови на Европски Младински вмрежувања

На **27-30 Мај** претставници од младинските организации во Македонија ќе имаат можност да учествуваат на семинар со претставници од Европските младински организации и претставници од Европскиот Младински Форум. Учесниците ќе добијат шанса за **проширување на нивната мрежа, да сретнат нови луѓе и да се здобијат со нови перспективи**.

**Ви благодариме за читањето!** Ако имате некои коментари, предлози, прашања или сакате да придонесете за билтенот на Коалиција СЕГА ве молиме испратете е-маил на **sega@sega.org.mk** или јавете ни се на **+389 48 429 390**. Или посетете ја нашата веб страна за многу повеќе информации **www.sega.org.mk**.